# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 3/2023 | 07.03.2023 година | Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.21/2023 одржана на ден 06.03.2023 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за донесување на план за парцелација на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела ГП бр.1.16-а (1.16, 1.17, 1.18, 1.19, 1.20, 1.21, 1.22 и 1.23) со намена Е 1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани за КО Бучиште и КО Петршино бр. 26-267/3,
2. Одлука за кофинансирање на Општина Пробиштип во проектот „Изградба на рекреативен комплекс во с. Пишица„ бр. 26-267/4,
3. Одлука за проширување на средства во буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-267/5,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-267/8
06.03.2023 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/2002) и член 29 став 7 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на Република Северна Македонија„ бр.32/2020 година), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за донесување на план за парцелација на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела ГП бр.1.16-а (1.16, 1.17, 1.18, 1.19, 1.20, 1.21, 1.22 и 1.23) со намена Е 1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани за КО Бучиште и КО Петршино.**

Член 1

Се донесува план за парцелација на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела ГП бр.1.16-а (1.16, 1.17, 1.18, 1.19, 1.20, 1.21, 1.22 и 1.23) со намена Е 1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани, согласно УПВНМ со основна класа на намена Е2 – комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Бучиште: КП бр. 1/1, 56, 57, 58, 45, 46, 102/11 и дел од КП бр.1/2, 2, 3, 5, 8, 10, 11, 12, 13, 33, 34, 35, 42, 55/2, 967, 968 и КО Петршино: КП бр. 1362/3, 1362/4, 1363/3, 1364/4, 1364/5 и дел од КП бр. 1066, 1361/2, 1365/1, 1490, 1501, 1502, 1503, 1532, 1533, општина Пробиштип.

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-267/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.03.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип, на Седницата одржана на ден 06.03.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За кофинансирање на Општина Пробиштип во Проектот „ Изградба на рекреативен комплекс во с. Пишица"**

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува кофинансирање на Општина Пробиштип во Проектот „Изградба на рекреативен комплекс во с. Пишица"

Член 2

Средства за проектот „ Изградба на рекреативен комплекс во с. Пишица" ќе се обезбедат од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година од Бирото за регионален развој преку Центарот за развој на Источниот плански регион.

Член 3

Вкупната вредност на Проектот „ Изградба на рекреативен комплекс во с. Пишица" согласно градежно техничката документација изнесува 8.804.511,00 денари .

Од Бирото за рамномерен регионален развој ќе се обезбедат 7.043.609,00 денари, а остатокот на средствата, во висина од 1.760.902,00 денари ќе обезбеди Општина Пробиштип од Буџетот на општината за 2023 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-267/4
06.03.2023 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 151/21) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.03.2023 година, донесе:

## ОДЛУКА
### За проширување на средства во Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | |
| 742113 Приходи од светска банка | 0 | 0 | 5.220.866 | 0 |
| 742114 Приходи од европска унија | 0 | 0 | 753.596 | 0 |
| 744311 Др.тековни донации | 0 | 0 | 96.820 | |
| | 0 | 0 | 6.070.282 | 0 |
| И се распоредуваат на следните расходни поставки: | | | | |
| ЈА0 ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ | | | | |
| 482820 Изградба на капацитети во енергетиката | 0 | 0 | 5.220.866 | 0 |
| N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | |
| 420230 Патување во земјата-сместување | 0 | 0 | 629.880 | 0 |
| 421430Транспорт на стоки | 0 | 0 | 7.000 | 0 |
| 421440 Транспорт на луѓе | 0 | 0 | 16.000 | 0 |
| 423110Канцелариски материјали | 0 | 0 | 5.000 | 0 |
| 423310 Униформи | 0 | 0 | 6.500 | 0 |
| 423610Наставно образовни помагала | 0 | 0 | 22.000 | 0 |
| 423810Ситен инвентар | 0 | 0 | 19.320 | 0 |
| 423990 Други Материјали | 0 | 0 | 20.000 | 0 |
| 425750 Услуги за вонучилишни образов.активнос. | 0 | 0 | 123.716 | 0 |
| | 0 | 0 | 6.070.282 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година а ќе се објавуви во Службен Гласник на Општина Пробиштип

Број 26-267/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.03.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.